АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 14.04.2015 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2891 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот: издавачите на печатени медиуми** Друштво за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, Трговско друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, Друштво за издавачка дејност трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДОО Скопје, Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и Друштво за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, и тоа:
   - 2.1. изданието бр.51 на магазинот „GTA" за април 2015 година,
   - 2.2. изданието бр.805 на неделниот весник „Капитал" од 03 април 2015 година,
   - 2.3. изданието бр.51 на месечниот магазин „Испрати рецепт" за април 2015 година,
   - 2.4. изданието бр.64 на месечниот магазин „Unique" за април 2015 година и
   - 2.5. изданието бр.249 на месечниот магазин „Авто плус" за март 2015 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 09 април 2015 година

4. **Предмет на надзорот:** Контролниот надзор се врши со цел да се констатира дали издавачите на печатени медиуми на кои на 04.03.2015 година Агенцијата им упати Решенија за преземање мерка – опомена, постапиле по актот во целост, делумно или не постапиле.

Имено, на 27.02.2015 година беше извршен редовен административен надзор над вкупно 19 печатени медиуми во врска со исполнувањето на обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми, според кој *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

Со надзорот беше констатирано дека оваа обврска не е целосно исполнета кај вкупно осум печатени медиуми и тоа:

- 1.1. изданието бр.50 на магазинот „GTA" за март 2015 година,
- 1.2. изданието бр.6 на магазинот „Направи сам" за февруари 2015 година,
- 1.3. изданието бр.7 на магазинот „Играј" од 2 февруари 2015 година,
- 1.4. изданието бр.6 на магазинот „Спорт бокс" од декември 2015 година,
- 1.5. изданието бр.799 на неделниот весник „Капитал" од 20 февруари 2015 година,

1.6. изданието бр.49 на магазинот „Испрати рецепт“ за февруари 2015 година,
1.7. изданието бр.63 на магазинот „Unique“ за март 2015 година и
1.8. изданието бр.248 на магазинот „Авто плус“ за февруари 2015 година.

За констатираните прекршувања на Законот, на 4 март 2015 година, на издавачите на овие печатени медиуми Агенцијата им упати Решенија за преземање мерка - опомена, и тоа:

1. Решение за преземање мерка - опомена бр.03-527 од 04.03.2015 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „GTA“,

2. Решение за преземање мерка бр.03-529 од 04.03.2015 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Направи сам“,

3. Решение за преземање мерка бр.03-528 од 04.03.2015 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Играј“,

4. Решение за преземање мерка бр.03-530 од 04.03.2015 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Спорт бокс“,

5. Решение за преземање мерка бр.03-525 од 04.03.2015 година, по спроведен редовен административен надзор на Трговското друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на весникот „Капитал“,

6. Решение за преземање мерка бр.03-526 од 04.03.2015 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото за издавачка дејност трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДОО Скопје, издавач на магазинот „Испрати рецепт“,

7. Решение за преземање мерка бр.03-524 од 31.12.2014 година, од 04.03.2015 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото за издавачка дејност,трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Unique“ и

8. Решение за преземање мерка бр.03-523 од од 31.12.2014 година, од 04.03.2015 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на магазинот „Авто плус“.

Во Агенцијата се доставени повратници од Македонска пошта со кои се потврдува уредната достава на Решенијата.

## 5. Констатации од надзорот:

### 5.1. Прекршувањата во целост ги отстраниле:

1. Друштвото за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „GTA“,

2. Друштвото за издавачка дејност,трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Unique"

3. Друштвото за издавачка дејност,трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Auto Focus"

4. Друштвото за издаваштво и информативна дејност од областа на земјоделството и руралниот развој ФФРМ МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Моја земја"

**5.2. Контролниот надзор над останатите четири печатени медиуми ќе се изврши дополнително, поради тоа што:**

- На 09.02.2015 година, Друштвото за издавачка дејност трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДОО Скопје, издавач на магазинот „Свет", по електронски пат ја извести Агенцијата дека последниот број од овој печатен медиум излезе на 23.12.2014 година и дека во моментов неговото издавање е прекинато.

- На 05.02.2015 година, Друштвото за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазините „Живот на дланка" и „Мајка и бебе", со писмен допис (арх бр.03-732 од 05.02.2015 година) ја извести Агенцијата дека во јануари нема да бидат испечатени изданијата на овие два магазини, и дека следните броеви на овие печатени медиуми ќе излезат во продажба подоцна во февруари и дека тогаш „*ќе бидат регулирани сите недостатоци наведени во решенијата*".

- На 09.02.2015 година, Друштвото за развој на научно-техничка култура ЕМИТЕР ДОО Скопје, издавач на магазинот „Емитер", телефонски ја извести Агенцијата дека наредното издание на овој печатен медиум ќе излезе со одредено временско задоцнување и дека не се во можност да го потврдат точниот датум на печатење.